РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1920/4

15-06-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----------- ---------- од с. -----------,-------------, на 31-та седница одржана на ден 12.06.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4552 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-4552/1 од 01.10.2019 година, доставена од подносителот ----------- ---------- од с. -----------,-------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4552 од 2019 година.

Предметот со број 12-4552 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4552 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4552/1 од 01.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----------- ---------- од с. -----------,-------------.

Со предметната пријава се доставува барање за извршување на правосилна извршна исправа по правосилна пресуда од Основен суд Тетово кое е доставено од страна на полномошник Адвокатска канцеларија до Извршител овластен за подрачјето на Основен суд Тетово.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледувањето на целокупната документација за предметниот случај, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- Во конкретниот случај, станува збор за Барање за извршување на правосилна извршна исправа кое од страна на подносителот ---------- преку полномошникот Адвокатска канцеларија -------- било доставено до Извршителот м-р --------- -----------------, овластен извршител за подрачјето на Основен суд --------, по основ на извршување на правосилна и извршна одлука со вредност од 84.946,50 денари -

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

пресуда од Основен суд -------- од 23.03.2011 година која станала правосилна на 25.09.2012 година и извршна на 05.11.2012 година а била потврдена со Пресуда од 25.09.2012 година на Апелациониот суд ----------.

- Пресудата се однесувала на воден судски спор по тужба од подносителот понесена против Друштвото за вработување на инвалидни лица за производство на картонска амбалажа угостителство и услуги -------- ---- – -------- по основ на долг за неисплатени плати и придонес од плата за ПИОМ, законска казнена камата на долгот за неисплатени плати, трошоците направени во постапката, како и законска казнена камата на истите. Извршителот го примил предметното Барање на ден 07.12.2012 година, што е видно од печатот за прием ставен од негова страна.

- По барање на ДКСК добиено е известување од извршителот м-р -------- -----------, со кое се известува дека во врска со предметниот случај за наплата на паричното побарување биле преземени извршни дејствија согласно Законот за извршување, односно било заведено барање за извршување, бил изготвен налог за извршување од сметка на должникот од 19.12.2012 година, налогот бил доставен до должникот и до банката на должникот на 25-26.12.2012 година. По издадениот налог за извршување немало приливи на парични средства од сметката на должникот заклучно со денот на доставувањето на ова известување.

Врз основа на погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај било постапено од соодветни надлежни органи и бил издаден платен налог за извршување по кој немало приливи на парични средства, како и дека конкретните предметни дејствија биле преземени пред повеќе години со што настапила застареност на постапката, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствувања, кои би можеле да се подведат под основи за сомневање за сторени кривични дела од Кривичниот законик на РСМ. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметната пријава се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 12 јуни 2020 година под бр. 12- 1920/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК